**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-408/5**
**Скопје, 08.06.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ЛУКОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Луково за 2004 година, кои се прикажани на страните од 5 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Луково за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Бранко Белкоќески, градоначалник на општина Луково, од 01.01.2004 година до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 30.01. до 03.02.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
   - Петре Гаврилов - Виш ревизор;
   - Лила Зафировска – Виш ревизор;

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во

согласност со применетата законска регулатива;

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Статутот на општината од 12.03.1997 година и Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во општина Луково бр. 08-84/1 од 04.06.2004год. не се усогалсени во законски определениот рок од шест месеци (до јуни 2002 год.), согласно член 91 од Законот за локална самоуправа (Сл.в. на РМ бр.5/02). Исто така општината нема донесено нов Деловник за работа на Советот со кој ќе се регулираат надлежностите на Советот и начинот на работа на комисиите на Советот.
Одлуката за утврдување на соодветноста на постојните работните места во општина Луково со групите и звањата утврдени во Законот за државни службеници на РМ, бр. 08-83/1 од 04.06.2004 год. не е донесена во законски предвидениот рок од три месеци (до април 2002 год.), согласно член 94, став 1 од Законот за локалната самоуправа. Усогласувањето е направено по истекот на законски утврдениот рок. Неусогласувањето на актите во законски утврдените рокови согласно важечката законска регулатива го нарушува принципот на законско работење на единицата на локалната самоуправа и придонесува да неможе да се изврши пополнување на оптималните работни места неопходни за извршување на работите и работните задачи.
**Препорака:**
По овие наоди ревизијата не дава препорака од причини што по законскиот рок е извршено е усогласување на Правилникот за систематизација на работните места и Одлуката за утврдување на соодветноста на постојните работните места со постојната законска регулатива и поради тоа што општина Луково е населено место на општина Струга, согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија ( Сл. Весник на РМ. бр, 55/04).

10.1.2. Советот на Општина Луково го нема усвоено Буџетот на Општина Луково и ја нема усвоена годишната сметка на буџетот на општината за 2003 и 2004 година, кое не е восогласност со одредбите на Законот за буџетите, Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 36 од Законот за локалната самоуправа. Ова е резултат на нефункционирање на советот од јули 2001 година. Советот на општина Луково со оглед на тоа што не функционирал во период подолг од шест месеци не е

распуштен согласно член 75 точка 3 и 4 од Законот за локална самоуправа. Непочитувањето на одредбите од законот дава можност за злоупотреби и се нарушува принципот на законско работење на единицата на локалната самоуправа.

**Препорака:**

По овој наод ревизијата не дава препорака од причина што актуелноста на проблемот е надмината Луково е населено место на Општина Струга.

**10.2. Неправилности во искажување на расходите/приходите**

10.2.1. Од сметката на буџетот директно се исплатени средства во износ од 19 илјади денари на име членарина и набавка на гуми, овие средства не се трансферирани преку сметката за редовно работење на ЕЛС Луково кое не е во согласност со Законот за буџетите. Непочитувањето на законските прописи доведува до нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

По овој наод ревизијата не дава препорака од причина што со воведувањето на трезорското работење кај ЕЛС е надмината оваа неправилност.

**10.3. Незаконско и ненаменско користење на средствата**

10.3.1. Направени се расходи без да се обезбедат средства со буџетот кое не е во согласност со Законот за буџетите во износ од 766 илјади денари повисоки од планираните со буџетот и тоа на следните ставки:

- комунални услуги за износ 37 илјади денари;
- материјали износ за 40 илјади денари;
- тековни трансфери и субвенции за износ 175 илјади денари;
- купување на мебел и канцелариска опрема за износ 102 илјади денари;
- физибилити студии, подготовка на проекти и дизајн за 412 илјади денари.

Непочитувањето на законските прописи доведува до реализирање на трошоци кои не се утврдени со буџетскиот документ. Причината за неусогласеноста на планираните и остварените расходи е поради фактот што не е донесена одлука за пренамена на средствата согласно Законот за буџетите.

**Препорака:**

Извршување на расходите од буџетот да се врши согласно истиот во рамките на одобрениот план и за соодветната намена. Доколку се јави потреба за прераспределба на планираните расходи на ниво на ставки и програми Советот навреме да донесува Одлука за прераспределба

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1. и 10.2. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Луково на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.3. кај Буџетот на општина Луково не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, за 2004 година.

**Скопје, 19.05.2006 година** **Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**Буџет на ЕЛС ЛУКОВО**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 2,419 | 2,323 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 12 | 46 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 2,506 | 1,805 |
| **Вкупно приходи** | | **4,937** | **4,174** |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 1,473 | 1,006 |
| Стоки и услуги | 3.1.2. | 1,631 | 1,984 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 175 | 155 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **3,279** | **3,145** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 1,464 | 250 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1,464** | **250** |
| **Вкупно расходи** | | **4,743** | **3,395** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **194** | **779** |

**Буџет на ЕЛС ЛУКОВО**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 194 | 779 |
| **Вкупно тековни средства** | | **194** | **779** |
| **Вкупна актива** | | **194** | **779** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 194 | 779 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **194** | **779** |
| **Вкупна пасива** | | **194** | **779** |